Др Владо А. Ивановски

# ОСНИВАЊЕТО НА КПМ И ПРВАТА СЕДНИЦА НА ЦК КПМ (19—20. МАРТ 1943. ГОДИНА)

Годинава се навршуваат 40 години од Формирањето на Комунистичката партија на Македонија и нејзиниот прв Централен комитет. Се навршуваат 40 години од реализирањето на одлуката на Четвртата земска конференција на КПЈ за формирање национални партии во рамките на Комунистичката партија на Југославија. Тоа се, четриесет години на континуиран развој на ПКЈ во Македонија КПМ-СКМ, преку борбата за национално и социјално ослободување, за создавање на заедница на рамно правни народи и народности на Југославија, за остварување на полната афирмација и државност на македонскиот народ, а преку обновата и изградбата на новата држава создавање услови за социјалистичка самоуправна заедница — СФРЈ.

Создавањето на Комунистичката партија на Македонија како најнапредна револуционерна сила, низ борба и жртви, заеднички и со помош на другите народи и народности на Југославија, во рамките на Комунистичка партија на Југославија, а предводени од најголемиот син на југословенските народи и народности — Јосип Броз Тито, придонесе да се реализираат вековните стремежи и идеали на припадниците на националноослободителното и класното движење на македонскиот народ од предилинденскиот период, преку Илинден, во народноослободителната војна и социјалистичката револуција.

Со успешкото завршување на ослободителната борба, комунистите на Македонија, чесно го исполнија својот долг спрема сопствениот народ, другите народи на Југославија, кон Комунистичката партија на Југославија и другарот Тито.

Ете зошто комунистите на Македонија, македонскиот народ и народностите, кон овој датум секогаш ќе се навраќаат како кон еден од најзначајните пресвртни настани во историјата на КПЈ и напредното работничко движење во Македонија, на македонскиот народ и народностите.

*

Одлуката за формирање на национални комунистички партии во рамките на Комунистичката партија на Југославија, до-

несена е на Четвртата земска конференција на КПЈ што се одржа на 24. и 25 декември 1934. година во Љубљана. Таа гласеше: „Во најскоро време во составот на КПЈ да се формираат КП на Хрватска и КП на Словенија, а во блиска иднина на КП на Македонија".[1] Без сомнение оваа одлука беше една од најважните на конференцијата. Во образложението посебно се нагласува дека со основањето на националните комунистички партии, ќе се зајакне борбата против националистичките влијанија, кои водело во сепаратизам и фашизација, а воедно ќе придонесе за издигнување на нови национални кадри од редовите на угнетените народи.[2] Формирањето на националните комунистички партии придонесе за уште поголемо политичко и организационо единство на КПЈ и за побрзото јакнење на револуционерното движење во Југославија, што впрочем се потврди во практиката.

Комунистичките партии на Хрватска и Словенија се формираа три години по донесувањето на одлуката за формирање на национални комунистички партии. КП на Словенија се формира на Основачкиот конгрес што се одржа на 17. април 1937. година кај Трбовље.[3] а Основачкиот конгрес на КП на Хрватска се одржа на 1. и 2. август 1937. година во Самобор во непосредна близина на Загреб.[4] Комунистичката партија на Македонија се формира во текот на народноослободителната војна и социјалистичката револуција, речиси девет години по донесувањето на одлуката. Причините зошто КП на Македонија не се формира порано, секако треба да се бараат во специфичната положба на Македонија притисната од нечуениот терор и денационализација, слабостите во Партијата воопшто па и во Македонија, катагоднишните провали во Партијата во Македонија и раководството, општата политичка ситуација во земјата и светот како и во односите меѓу КП на Балканот.

Во периодот од 1934. до 1937. година, организацијата на КПЈ во Македонија ја потресуваат чести и големи провали. Само во провалата од 1937. година на целата територија на Македонија беа уапсени околу 120 членови на КПЈ и Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ).[5] Секако овој број за тоа време значеше многу.

Пред јунското советување, лично Тито презима мерки да им пружи конкретна помош на комунистите во Македонија. Набргу потоа во летото 1939. година, дотогашниот Привремен покраински комитет на КПЈ за Македонија што го сочинуваа: Кочо Попов, Орце Николов и Страхил Гигов, дополнет е со нови членови: Блажо Орландиќ, Цветан Димов и Добривое Видиќ.[6]

---

[1] Конгреси и конференције, *Педесет година Савеза комуниста Југославије*, Београд, 1969, стр. 44.
[2] *Исто.*
[3] *Једанаест конгреса, 1919-1978*, Београд, 1978, стр. 66.
[4] *Исто.*
[5] Велимир Брезоски, *Состојбата и дејноста на КПЈ во Македонија во текот на 1940 год.* Гласник на ИНИ-Скопје, Г.XV, бр. 2, Скопје, 1971, стр. 83.
[6] *Исто.*

За надминување на тешката ситуација во организацијата на КПЈ во Македонија, од посебно значење несомнено се одлуките на Јунското советување на ЦК КПЈ одржано на 9. и 10. јуни 1939. година во с. Тацен (под Шмарна Гора), под раководството на генералниот секретар на КПЈ Јосип Броз Тито. На овоа советување на кое е анализирана положбата во КПЈ, за кое реферат поднесе Тито, донесени се заклучоци за продолжување со чистењето на редовите на Партијата од фракчионашки и туѓи елементи; да се изврши реорганизација на раководството на КП Хрватска; да се преземат итни мерки за средувањето на партиските организации во Далмација; да се реорганизираат и активираат организациите на КПЈ во Македонија и други.[7] За реализирањето на донесените заклучоци веќе во крајот на 1939 година за средување на состојбите во партиската организација во Македонија, ЦК КПЈ, во рамките на утврдената практика за давање непосредна помош на организациите на теренот на Македонија ги праќа другарите Светозар Вукмановиќ и Сретен Жујовиќ[8] како инструктори на ЦК КПЈ. Овие другари кои стигнуваат во Македонија во март 1940. година со своето искуство и помош придонесоа за надминување на тешкотиите и консолидирањето на организацијата на КПЈ во Македонија.

Во рамките на подготовките за одржувањето на Петтата земска конференција на КПЈ, во Скопје на 8. септември 1940. година, се одржа Покраинска конференција на КПЈ за Македонија. По разгледуваните прашања, времето и местото на одржувањето, оваа конференција има посебно значење за развојот на организацијата на КПЈ во Македонија. На конференцијата е избран нов ПК КПЈ во состав: Методија Шаторов—Шарло — политички секретар, Петар Ивановски — орг. секретар и членови: Јордан Николов, Коце Стојановски, Добривое Видиќ, Вера Ацева, Кузман Јосифовски, Борис Гонев и Гојчо Стефановски. За делегати на Петтата земска конференција на КПЈ беа избрани: Сретен Жујовиќ, Методија Шаторов, Петар Ивановски, Гојчо Стефановски, Коце Стојановски и Бориз Гонев. Спрема извештајот на Верификационата комисија од Петтата земска конференција, како делегати од Македонија учествувале: Методија Шаторов, Борис Гонев, Петар Ивановски, Коце Стојановски и Сретен Жујовиќ.[9]

Спрема непотполните податоци, во периодот на одржувањето на Покраинската конференција во Македонија и Петтата земска конференција на КПЈ, бројот на членовите на КПЈ во Македонија изнесува околу 250.[10]

Пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт во март 1941. година, предизвика општ револт на народните маси ширум цела Југославија. Ова незадоволство се изрази преку ма-

[7] „Пролетер", Орган на ЦК КПЈ, *Земаљско савјетовање КПЈ*, Год. XVI, бр. 1-2, I и II, 1940, стр. 3.
[8] В е л и м и р   Б р е з о с к и, *н. д.* стр. 84.
[9] *Исто.*
[10] *Исто.*

совни демонстрации, кои се организираа уште во текот на 25. и 26 март за да на 27. март достигнат кулминација. Македонија исто така беше зафатена со демонстрации кои што почнаа уште на 26. март. И овде членовите на КПЈ беа тие кои ги насочуваа демонстрациите и ги истакнуваа барањата на масите и покрај тоа што Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија во врска со овие настани не даде никакви директиви.

По априлската фашистичка агресија на Југославија, капитулацијата и окупацијата на земјата, Македонија повторно беше прераспределена овој пат меѓу германските, бугарските и италијанските фашистички окупатори. Секретарот на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија — Методија Шаторов — Шарло, како и некои други членови на ПК во новосоздадените услови не презедоа никакви мерки не само за одбраната на земјата туку и за припремите за давање на отпор на окупаторите. Тој одби да ја спроведе политиката на КПЈ за оружена борба против окупаторите, ги раскинува врските со Централниот комитет на КПЈ, одби да присуствува на Мајското советување на КПЈ.[11] Фактички тој ја призна окупацијата и делбата на Македонија 1941. година, се стави на располагање на Централниот комитет на Бугарската работничка партија и се обиде да ја приклучи и организацијата на КПЈ во Македонија кон БРП.[12] На ова инсистираше и ЦК БРП оправдувајќи го тој акт со паролата: „Една територија — една партија".

Меѓутоа, независно од однесувањето на секретарот на ПК КПЈ за Македонија и дел од членовите на ПК — истомисленици, организациите на КПЈ во Македонија, на теренот, воспитувани во руволуционарниот дух на КПЈ, самоиницијативно, уште во текот на априлската војна, преземаа соодветни мерки за припрема за давање отпор на окупаторот. Да ги спомenеме само состаноците на Месните комитети на КПЈ во Прилеп, одржани на 7, 8. и 9. април; во Тетово на 10. април, во Куманово на 11. април, Битола на 11. април, Крушево на 20. април, потоа Кавадарци. Гевгелија, Струмица, Охрид и други места во Македонија.[13] Одржувањето на овие состаноци и советувања уште во текот на априлската војна, како и донесените решенија, зборуваат за правилната оценка на организациите на КПЈ на теренот за новонастанатата ситуација во Македонија и донесување на такви одлуки кои во моментот најмногу одговараа и ја покажаа спремноста на базата за продолжување на борбата. Донесените заклучоци веднаш почнуваат да се рализираат. Во Прилеп се ослободуваат политичките затвореници од затвор во Струмица влегувањето на бугарските окупаторски војски е дочекано со де-

---

[11] Архив КПЈ, Том VII. Београд, 1951. стр. 37.

[12] Лазар Колишевски, *Политички извештај поднесен на првиот конгрес на КПМ*, Прв конгрес на КПМ-извештаи и резолуции, Скопје, 1949, стр. 58.

[13] Љупчо Арсов, *Стварање и развитак Комунистичке партије Македоније*, Прилози за историју социјализма, бр. 11-12, Београд 1982, стр. 29; Владо Ивановски, *Априлските состаноци на МК КПЈ во Македонија*, Гласник на ИНИ-Скопје, Г. XIX, бр. 3, 1975, с. 15—16.

монстрации, во други места на Македонија се организираат разни штрајкови, се формираат диверзантски групи и изведуваат диверзантски акции (Радуша, Богомила, аеродромот во Скопје и др.). На 13. јули во судир со бугарска патрола загинува членот на КПЈ и на МК СКОЈ од Кавадарци Диме Поп Атанасов, во с. Горни Дисан.[14] На втори август 1941. година на годишнината на Илинденското востание во повеќе градови на Македонија се одржаа демонстрации (Битола, Охрид, Прилеп, Скопје, Велес и др.[15]) Сите овие акции беа организирани и водени од страна на организациите на КПЈ на теренот, наспроти директивите на секретарот на ПК КПЈ за Македонија — Шарло, да не се водат вооружени и други акции под изговор за да не се предизвикуваат окупаторите.[16]

Во ваква ситуација кон крајот на мај 1941. година за средување на приликите во партиското раководство на Македонија по налог на ЦК КПЈ во Македонија доаѓаат Лазар Колишевски и Мара Нацева.[17] кои се судрија со секретарот на ПК КПЈ за Македонија, како и со некои други членови на ПК. Набргу потоа како делегат на ЦК КПЈ со Македонија доаѓа Драган Павловиќ-Шиљо.[18]

Лазар Колишевски во почетокот на месец јули 1941 година во Белград во ЦК КПЈ поднесува извештај за состојбата во партиската организација во Македонија, а исто така и за издајничката и контрареволуционерната активност на секретарот на ПК КПЈ за Македонија, Методија Шаторов. Врз основа на извештајот ЦК КПЈ донесува одлука за исклучување на Шаторов од редовите на КПЈ и неговото сменување од функцијата секретар на ПК КПЈ за Македонија.[19] Веднаш потоа во името на ЦК КПЈ другарот Тито испраќа директивно писмо до ПК КПЈ за Македонија во кое се говори за причините за донесувањето на одлуката за исклучувањето на Шарло, а исто така и за престојните задачи на комунистите во Македонија.[20] Шарло одби да ја прифати одлуката за неговото исклучување и сменување од функцијата секретар на ПК КПЈ за Македонија. Поради ваквиот став и однос на секретарот на ПК КПЈ за Македонија, делегатот на ЦК КПЈ во Македонија, Драган Павловиќ, на состанокот што го одржа во почеткот на август 1941 година, го суспендира целиот Покраински комитет на КПЈ за Македонија.[21] Со оваа одлу-

---

[14] Р и с т о  Б у н о в, *Делатност партиске организације у Кавадарцима и селима*. У сведочавањима учесника НОБ-а, 1941-1942, Београд, 1975, кн. 2, стр. 78—87.

[15] М и х а ј л о  А п о с т о л с к и, *Ослободителната војна на македонскиот народ*. Скопје, 1965, стр. 28.

[16] Љ у п ч о  А р с о в, *н. д.* стр. 29.

[17] *Исто.*

[18] *Исто.*

[19] В л а д о  И в а н о в с к и, *Исклучувањето на Шарло од КПЈ*, Разгледи, Скопје, 1971, Год. XIII, бр. 7, стр. 695-706.

[20] *Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату Југословенских народа*, Том. VII, кн. 1, Београд 1952, док. бр. 8. стр. 23.

[21] *Исто*, док. бр. 6, стр. 17—21.

ка беа преземени мерки да се запознаат организациите на теренот, како и со одлуката и писмото на ЦК КПЈ од јули 1941 година за положбата во ПК.[22]

Информиран за новонастанатата ситуација во Македонија, Полит-бирото на ЦК КПЈ на својата седница одржана на 31. август 1941. година,[23] повторно ги потврдува одлуките за суспендирање на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и исклучувањето на Методија Шаторов од КПЈ. Воедно беше одлучено прашањето за припадноста на организацијата на КПЈ во Македонија да се реши преку директни преговори со ЦК БРП и преку Коминтерната.[24]

Во меѓувреме кон крајот на август 1941. година Извршниот комитет на Комунистичката интернационала, решавајќи по прашањето за партиската организација на Македонија, донесува одлука таа да остане во составот на КПЈ.[25]

Иако во образложението на одлуката Коминтерната не тргнува од принципиелни причини, туку одлуката ја образложува во прв ред од „практични и целисходни причини", оваа одлука во исто време значеше и потврда на принципиелниот и единствено правилен став на ЦК КПЈ по прашањето за припадноста на партиската организација на Македонија.

ЦК на БРП со писмо го известува ЦК КПЈ дека безрезервно се согласува со одлуката на Коминтерната.[26] Меѓутоа, натамошните настани во Македонија покажаа дека „безрезервното согласување" било само обична формалност, бидејќи и натаму тие не престанаа да се мешаат во работата на Партијата во Македонија.

Набргу потоа во средината на септември 1941. година во Македонија се формира нов Покраински комитет на КПЈ за Македонија во состав: Лазар Колишевски — секретар, Благој Јанков, Мара Нацева, Борка Талески, Бане Андреев и Вера Ацева.[27]

Основните задачи што се поставуваа пред новоформираниот ЦК КПЈ за Македонија се следните:

Борба за ликвидирање на Шарловштината во Партијата: заземање цврст курс за спроведувањето на линијата на ЦК КПЈ за вооружена борба, организационо средување на партиската организација и нејзино оспособување за раководење со вооружената борба на македонскиот народ против окупаторите.[28]

За реализирањето на донесените заклучоци, непосредно по формирањето, сите членови на новиот ПК КПЈ за Македонија добиваат конкретни задачи и одат на терен по организациите.

---

[22] *Исто*, док. бр. 3, стр. 13—15.
[23] Архив КПЈ. Том. VII. Београд 1951. док. бр. 16. стр. 44.
[24] *Исто*, док. бр. 7. стр. 22. док. бр. 9. стр. 16—17.
[25] *Исто*, док. бр. 5. стр. 16—17.
[26] *Зборник НОР*. .. Том. VII, кн. 1, док. бр. 5. стр. 16—17
[27] Според Редакциската напомена во *Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија, 1941—1945*, Том. I, кн. 1, стр. 56, Скопје 1968 год.
[28] Л а з а р  К о л и ш е в с к и, *н. д.* стр. 63.

Резултатите од таквата поставеност и активност не изостанаа. Организациите на КПЈ и нивните раководства во Куманово, Скопје, Прилеп, Охрид, Велес, Гевгелија, Штип, Струмица, Крушево и други покажаа спремност веднаш да пристапат кон вршење на поинтензивни подготовки за кревање на вооружено востание. Во рамките на месните комитети на КПЈ се формираат војни штабови или комисии, кои имаат задача најнепосредно да раководат со војните подготовки.[29]

Организациите на КПЈ во Западна Македонија, односно на територијата на Македонија под италијанска окупација до септември 1941. година беа оставени без врска со покраинското партиско раководство. По формирањето на новиот ПК Кузман Јосифовски во својство на инструктор на ПК КПЈ за Македонија добива задача да оди на овој терен и работи на зацврстувањето на организациите на КПЈ, а напоредно со тоа и на организирањето на вооруженото востание.[30]

Во рамките на подготовките што ги презима ПК КПЈ за Македонија за почетокот на вооружената борба, спаѓаат и директивното писмо од ПК КПЈ за Македонија до месните комитети, членовите на КПЈ и СКОЈ од втората половина на септември 1941. година,[31] како и прогласот од ПК КПЈ за Македонија од почетокот на октомври 1941. година, упатен до македонскиот народ.[32]

Во писмото од Покраинскиот комитет покрај другото се осудувадотогашната работа и политика на ПК КПЈ за Македонија, притоа се повикуваат македонските комунисти да пристапат кон извршување на задачите за создавање на партизански одреди и во вооружената борба да се покренат најшироките слоеви на народот.

Во Прогласот пак од ПК упатен до Македонскиот народ, како основно се истакнува дека само преку вооружена борба, заедно со другите народи и народности на Југославија, под раководството на КПЈ, македонскиот народ ќе може да ја извојува својата слобода и рамноправност.

По извршените подготовки Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија донесува одлука и го определува 11. октомври, како ден за почетокот на вооруженото востание во Македонија.

Непосредно пред почетокот на вооружените акции, секретарот на ПК КПЈ за Македонија Лазар Колишевски, во Прилеп, одржува состанок со секретарот на Месниот комитет на КПЈ за Прилеп, Вера Ацева. На овој состанок се утврдува планот

---

[29] Во текот на 1941 год: месни војни штабови се формираат во следните градови: Скопје, Велес, Крушево, Прилеп, Битола, Куманово, Штип, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Неготине, Тетово, Кичево, Дебар, Охрид, Ресен. Според: Михајло Апостолски, *Ослободителната војна Македонија*. Избрани дела, книга 1. Скопје 1975, стр. 56.

[30] Владо Ивановски, *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941—1944*. Скопје, 1973, стр. 54.

[31] *Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941—1945*, Том. I, кн. 1, док. бр. 8, стр. 38—39.

[32] *Исто*, док. бр. 9, стр. 39—43.

за нападот на бугарската полициска станица и затворот во Прилеп, а како ден е утврден 11. октомври. Месниот комитет на КПЈ — Прилеп и Воениот штаб заеднички го доразработуваат реализирањето на директивата на ПК КПЈ за Македонија.[33]

Со нападот на Прилепскиот одред на 11. октомври 1941. година во историјата на Македонија, македонскиот народ и народностите се одбележи нова светла страница. Тоа претставуваше победа на револуционерната линија на КПЈ за вооружена борба настан преку кој македонскиот народ, судбински ја поврза својата иднина со другите народи и народности на Југославија.

Вооружените акции на 11. октомври 1941. година најавија дека македонскиот народ се крева во тешка и безпоштедна борба против бугарските, германските и италијанските фашистички окупатори и нивните слуги. Преку 11. октомври македонскиот народ под раководството на КПЈ и Тито, тесно се поврза со борбата на другите братски југословенски народи и народности, за да ги реализира вековните стремежи на многу поранешни генерации за здобивање на национална и социјална слобода.

Преку 11. октомври македонскиот народ ја презеде својата судбина во свои раце истана единствениот фактор кој ќе решава за својата иднина;

со чинот на востанието македонскиот народ решително им се спротивстави на сите обиди неговата борба да се раздвои од борбата на другите југословенски народи и народности, бидејќи како што тој беше природен сојузник на нивната борба, така и тие со својата борба застанаа зад неговите национални идеали и социјални стремежи;

со вооружената борба македонскиот народ го прифати повикот на Комунистичката партија на Југославија и за создавање на нова Југославија, како братска заедница на рамноправни народи и народности, во која тој, заедно со другите народи, рамноправно ќе одлучува за својата иднина;

прифаќајќи го водството на Комунистичката партија и на работничката класа, македонскиот народ истовремено се изјасни за суштествени револуционерни промени во општествените односи;

· со својата борба македонскиот народ стана сојузник на антифашистичката коалиција за одбраната на слободата и независноста на народите;

со чинот на востанието, македонскиот народ им зададе решавачки удар н великобугарските, великосрпските, великогрчките и великоалбанските хегемонистички аспирации кон Македонија.[34]

Многукратното значење на 11. октомври за борбата на работничката класа и на македонскиот народ се потврдува и со масовното учество во вооружената борба до историските одлуки на

---

[33] *Прилеп и Прилепско низ историјата*, кн. 2, Прилеп 1972. с. 176.
[34] Ангел Чемерски, в. „4 јули", Г. X, бр. 485, 5. X. 1971 год.

АСНОМ, конституирањето на Федерална Македонија и до денешната полна афирмација на македонскиот народ.

По состанокот на ПК КПЈ за Македонија што се одржа на 5. ноември 1941. година во Скопје, во рацете на полицијата падна секретарот Лазар Колишевски.[35] Потоа во ПК КПЈ за Македонија дојде до повторно скршнување од веќе прифатената и потврдена револуционерна линија на КПЈ по прашањето за вооружена борба. Внатре во самиот ПК КПЈ за Македонија се јавија несогласувања па како резултат на тоа само во текот на ноември и декември 1941. година во самиот ПК се вршат неколку реорганизации.[36]

Јануарското советување што се одржа во Скопје на 7. 1. 1942. година, не ги даде очекуваните резултати и неможеше битно да влијае на натамошното организационо и политичко зацврстување на КПЈ за Македонија. Токму затоа периодот од ноември 1941. година, заклучно со мај 1942. година, во однос на развојот на партиската организација во Македонија можеме да го окарактеризираме како период во кој организациите на КПЈ на тренот, како и одделни истакнати партиски функционери, поведоа решителна борба против скршнувањето на секретарот и некои членови на ПК КПЈ за Македонија, од веќе прифатената револуционерна линија на КПЈ. За ова свој придонес имаше и ЦК БРП кој вршеше влијание преку својот претставник во Македонија. Ова судрување заврши со сменувањето на дотогашното Покраинско партиско раководство и формирањето на нов привремен Покраински комитет на КПЈ за Македонија во крајот на мај 1942. година во состав: Цветко Узуновски, Мара Нацева, Мирче Ацев, Цветан Димов и Љупчо Арсов.[37]

Веднаш по формирањето, Привремениот покраински комитет на КПЈ за Македонија, испраќа директивно писмо до сите партиски организации, месни и окружни партиски раководства во Македонија во кои се известуваат за направените смени, како и за задачите што стојат пред овие партиски раководства.[38]

За кратко време се стабилизира положбата во партиските организации во Македонија. Повторно се воспоставија врските со ЦК КПЈ и како резултат на напорите за доследно остварување на линијата на КПЈ дојде и до омасовување на порано формираните партизански одреди и формирање на нови, со основна задача да ги зајакнат оружените акции против окупаторите. Така, веќе во август 1942. година во Македонија дејствуваат десет партизански одреди.[39]

Меѓутоа не помина цел месец по формирањето на Привремениот ПК КПЈ за Македонија, четири членови на ова раководство паѓаат во затвор. Мирче Ацев кој останува сам во раковод-

[35] Лазар Колишевски, *н. д.* стр. 66.

[36] *Извори...*, Том. I, кн. 1, док. бр. 42, стр. 251—255.

[37] *Исто*, док. бр. 34, стр. 205.

[38] *Исто*, док. бр. 34, стр. 205—208.

[39] Лазар Колишевски, *н. д.* стр. 66.

ството и за кусо време успева да привлече нови активисти, во својство на член на ПК КПЈ за Македонија на 8. август 1942. година со писмо го известува ЦК КПЈ за мерките што ги презеде новото раководство по паѓањето на неговите членови во затвор и за кооптирање на нови членови. Воедно ЦК КПЈ се известува дека во ова време во Македонија има 17. организацоо на КПЈ со 600 членови 1700 членови на СКОЈ.[40]

На 24. август 1942. година, како инструктор на ЦК КПЈ во Македонија доаѓа Добривое Радосављевиќ-Орце.[41] Заедно со другите членови на партиското раководство успеваат да ги консолидираат редовите, а со тоа фактички се оневозможја плановите на окупаторот да го ликвидираат Народноослободителното движење и организацијата на КПЈ во Македонија.

Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и Главниот штаб на Народноослободителните партизански одреди, од август 1942. година ги интензивираат вооружените акции. Окупаторот е присилен во борбите против партизанските одреди да употреби покрај полициски и значителни воени сили. Кон крајот на 1942. година, партизанските единици претрпуваат повремени удари, а со херојската смрт на Орце Николов, Цветан Димов. Стиф Наумов, Мите Богоевски и други, а во почетокот на 1943. година и на Мирче Ацев и Страшо Пинџур и други, тие удари ги осети и Народноослободителното движење во целост. Меѓутоа, повремените удари и загуби неможеа да го спречат натамошниот подем на оружената борба во Македонија. Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија презимаше мерки за популнување на своите редови и консолидирање на организациите на КП на теренот.

Во ова време Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија го сочинуваа: Кузман Јосифовски, Страхил Гигов, Борка Темелковски, Бане Андрев. Тука беше и инструкторот на ЦК КПЈ Добривое Радосављевиќ.

Анализирајќи ја состојбата на вооружената борба во Македонија и меѓународната ситуација, ПК КПЈ за Македонија оценува дека условите се мошне поволни за натамошно мобилизирање на масите и за разгор на вооружената борба. Страхил Гигов и Кузман Јосифовски, заминуваат на територијата на Македонија под италијанска окупација, со задача да работат на организационото зацврстување на организациите на КПЈ, а Добривое Радосављевиќ и Борка Темелковски, заедно со еден политички актив околу ПК КПЈ, остануваат во Скопје за организирање и раководење со вооружената борба на територијата на Македонија под бугарска окупација.[42]

Во прво време во организациите на теренот се испраќаат повеќе директиви писма и летоци, во кои се повикуваат во поголема мобилизација и организираност за задавање на решителен

---

[40] *Извори...*, Том, I, кн. 1, док. бр. 42, стр. 255.
[41] *Извори...*, Том. I, кн. 1, док. бр. 45, стр. 284.
[42] В е л и м и р Б р е з о с к и, *Ослободителната војна во Македонија 1943*, Скопје, 1971, стр. 51.

и конечен удар на окупаторот. Покрај неколкуте писма од ПК КПЈ испратени до МК КПЈ во Прилеп,[43] на 13. февруари 1943. година, ПК КПЈ за Македонија испраќа директивно писмо до сите членови на КПЈ за Македонија,[44] а само два дена потоа испраќа Проглас до македонскиот народ.[45] На 20 февруари 1943. година, ПК испраќа посебно упатство за работа до месните комитети на КПЈ во Македонија.[46]

Од своја страна и Главниот штаб на НОВ и ПОМ во јануари 1943. година испраќа циркуларно писмо до сите месни воени раководства и до штабовите на партизанските одреди, во кои се изнесуваат задачите што предстоја, организацијата на одредите и начинот на дејствувањето во новите услови.[47]

Сите тие напори и подготовки што ги правеа организациите на КПЈ во Македонија, ПК КПЈ за Македонија и ГШ на НО и ПО, зборуваат дека пред доаѓањето на делегатот на ЦК КПЈ во Македонија — Светозар Вукмановиќ-Темпо, положбата во Македонија, партијата и партизанските одреди и подобрена. Објективните услови налагаа и овозможуваа, по доаѓањето на Темпо во Македонија, преземање на низа политички и воени мерки врз чие оживотворување ќе се работи во наредниот период. Тие мерки всушност претставуваа продолжување на започнатата активност од страна на ПК КПЈ за Македонија и ГШ на НО и ПО, насочена кон зачврстувањето на организациите на теренот и развојот на вооружението востание.

Во ваква ситуација, на 23. февруари 1943. година, во Македонија доаѓа делегатот на ЦК КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија Светозар Вукмановиќ-Темпо.[48]

Одлуката за испраќање на делегатот во Македонија ЦК КПЈ ја донесува во ноември 1942. година во Дрвар.[49] (Другарот Тито во поздравното писмо до Научниот собир, што се одржа

---

68—70: док. бр. 16. стр. 71—77; док. бр. 17, стр. 78—81; док. бр. 18, стр. 82—93; док. бр. 19, стр. 84—86; док. бр. 20, стр. 87—89; док. бр. 23, стр. 101—102; док. бр. 25, стр. 105—106.

[43] *Извори...*, Том I, кн. 2, док. бр. 14, 65-67; док. бр. 15, стр.

[44] *Исто*, док. бр. 21. стр. 90--97.

[45] *Исто*. док. бр. 22, стр. 98--100.

[46] *Исто*. док. бр. 24. стр. 103—104.

[47] *Зборник НОР...*, Том. VII, кн. 1, Београд, 1952, стр. 197—200.

[48] Во македонската историографија досега нее точно утврден датумот на доагањето на Светозар Вукмановиќ-Темпо во Македонија. Има тврдење дека тој дошол во Македонија на 26. II. 1943. г. (Види: Велимир Брезоски, *н. д.* стр. 64, кое е базирано на едно редакциско објаснение дадено во: *Извори...*, Том. I, кн. 2, стр. 185. а исто така и на друго редакциско објаснение дадено во: *Архив на КПЈ*, Том. VII, Београд 1951. год., стр. 405, забелешка бр. 135. Меѓутоа наше мислење е дека Темпо е порано дојден во Македонија. Можеби најблиску до вистината е Стиле Милески, кој во своїте сеќавања во ракопис, што се чуваат во Институтот за национална историја—Скопје, на стр. 58 меѓу другото вели: „у Скопље смо стигли успешно 20. II. 1943. год. намеѓу 23. и 24. са возом". Познато е дека Стиле Милески. го придружуваше Темпо на пат за Македонија од Црна Трава до Скопје.

[49] *Зборник НОР...*, Том. VII, кн. 6, док. бр. 181, стр. 449.

1979. година во Скопје, под наслов: „Основањето и развојот на КПМ" — говори дека КПМ е формирана во крајот на 1942 година).[50] Оваа одлука се совпаѓа и е во рамките на концепцијата за раководење со вооруженото востание во Југославија, заради побрзото развивање на вооруженосто востание во Македонија, како и заради потребата од потесна соработка со движењата на отпорот во соседните земји, Македонија со својата стратешка положба требаше да изигра посебна улога во таа соработка.

Непосредно по доаѓањето во Скопје, Светозар Вукмановиќ, заедно со членовите на ПК КПЈ за Македонија и инструкторот на ЦК КПЈ во Македонија Добривое Радосавлевиќ-Орце, како и со членовите на ГШ на НО и ПО, кои во тоа време се наоѓаа во Скопје: Борка Темелковски, Вера Ацева, Бане Андреев, како активист, Михајло Апостолски, Лилјана Чаловска, Иван Танев Дојчинов и други,[51] прави анализа на положбата на организацијата на КПЈ во Македонија и вооружената борба во целина. Врз основа на таа анализа,[52] како и искуствата од НОБ во другите краишта на Југославија што ги имаше стекнато до тогаш Темпо, беше изготвен план за натамошната воjнополнтичка активност во Македонија при што е констатирана потребата.

за реорганизација на организацијата на КП, за формирање обласни и околиски комитети, околу кои да се собере членството за спроведување во живот линијата на КПЈ и тоа политички да се издигне за да може раководи со Народноослободителната борба;

да се преземат остри мерки против појавата на колебливи и опортунистички елементи во организацијата на КП кои би го сопирале доследното спроведување на линијата на КПЈ;

да се формира Комунистичка партија на Македонија и од најдобрите активисти, доследни на линијата на КПЈ, да се избере нејзиниот прв Централен комитет;

да се засили работата за создавање на единствен Народноослободителен Фронт на сите патриоти што се против окупаторот и домашните предавници во борбата за национално ослободување;

веднаш да се пристапи кон формирање на нови партизански одреди, да се реорганизира Главниот штаб на НО и ПО во НОВ и ПОМ и територијата на Македонија да се подели на пет оперативни зони на чело во свои штабови;

---

[50] Зборник од Научниот собир: *Основањето и развојот на КПМ*. Скопје 1980 год. стр. 13.

[51] Велимир Брезоски, *н. д.* стр. 64.

[52] Види: писмата од Светозар Вукмановиќ-Темпо, испратени до: сите организации и членови на КПЈ во Македонија од 28. II. 1943 г. (*Извори*.., Том. I, кн. 2, док. бр. 26, стр. 107—117); до сите народноослободителни партизански одреди во Македонија од 28. II. 1943 г. (Види: *Зборник НОР*, Том. VII, кн. 2, док. бр. 64, стр. 201—206); до сите оперативни зони и самостојни одреди во Македонија од 16. III. 1943 г. (*Исто*, док. бр. 70, стр. 226—228).

главните сили на ослободителното движење со својата работа да се насочат на територијата под италијанска окупација, каде што за тоа постоеја погодни услови и организацијата на КПЈ немаше претрпено поголеми удари од окупаторот.

Беше одлучено военополитичкото раководство и други кадри, веднаш да се префрли во западна Македонија под италијанска окупација, за да послужи како база за формирање на раководства на теренот. Потенцирано е дека основна задача на организацијата на КП во Македонија е организирањето и интензивирањето на вооружената борба и сите сили треба да бидат насочени во тој правец.[53]

Од посебно значење за зацврстувањето на организацијата на КП во Македонија има писмото, што од името на ЦК КПЈ го упати делегатот во Македонија Светозар Вукмановиќ до сите организации и членови на Комунистичката партија на Југославија во Македонија на 28. февруари 1943. година.

Во ова писмо, покрај другото за прв пат во писан документ се известуваат членовите на КПЈ во Македонија за формирањето на КПМ во рамките на КПЈ и за формирањето на ЦК КПМ. Исто така, во ова писмо се набележуваат и предстојните задачи на организацијата на КП на Македонија. Во писмото меѓу другото се вели:

„Другари македонски комунисти,

Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија, ве повикува сите да се соберете околу своето ново раководство, околу својот Централен комитет на македонската комунистичка партија. Помогнете го ова раководство во неговата дејност да се темелно реорганизираат и оцврснат нашите партиски организации во Македонија. Имајте на ум дека ЦК КПЈ уште во своето писмо од 15. III 1942. година,[54] постави пред Покраинското раководство, како една од основните задачи да се започне безмилосна борба против сите колебливи, несигурни елементи, саботери на партиските решенија".[55]

Истакнувајќи го значењето на единството на македонскиот народ, за успешно завршување на започнатата борба во писмото покрај другото се вели:

„Другари македонски комунисти,

Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија ве повикува да го постигнете единството на македонскиот народ во борбата за неговото ослободување од под ковавите окупатори и сите нивни слуги. Привлечете ги во таа борба и арнаутските, влашките, турските и еврејските маси, оти и они го осеќаат на својот грб теророт и грабежот кој го врши над

[53] *Извори*..., Том. I, кн. 2, док. бр. 38, стр. 183—204).
[54] *Зборник НОР*..., Том. VII, кн. 1, док. бр. 19, стр. 61—68.
[55] *Извори*..., Том. I, кн. 2, док. бр. 26, стр. 107—117.

нив окупаторот и неговите слуги. Создавајќи органи на таа борба кој утре ќе станат органи на новата демократска власт во Македонија — создавајте народноослободителни комитети по сите градови и села во Македонија. Во овие комитети привлечете ги најарните синови на мкедонскиот народ, почнувајќи од старите илинденски востаници, до новите млади борци на националното ослободување на македонскиот народ. Имајќи на ум дека ова единство може и треба да се постигне само преку безмилосна борба:

1) против германо-италијанските окупатори, за кој је Македонија пара за поркусурување во нивните разбојнички империјалистички планови и кои преку своите слуги, вршат непознат до сега терор и грабеж над македонскиот народ за да го превврнат во безсилен роб;

2) против бугарските и албанските окупатори, Хитлеровите слуги, кој сакаат со насилиа и терор да ја загушат националната свест на македонскиот народ;

3) против подлите платени Хитлерови издајници на македонскиот народ на Ванчо Михајлов и др., кои сакаат со лаги и измами уште појако да го стегнат македонскиот народ во ропскиот јарем на германските завојувачи;

4) против големобугарските платеници од редовите на македонскиот народ (Китинчиев, Чкатров и др.), кои настојуваат да го одржат македонскиот народ под ропство на големобугарските хегемонисти;

5) против големосрпските платеници од редовите на македонскиот народ (Војче Трбиќ и др.) и против секој опитна емигрантската југословенска влада во Лондон и нејзиниот министер воен Дража Михајловиќ да го воскрснат јаремот на големосрпската тиранија над македонскиот народ;

6) за одбраната загрозените интереси на македонскиот народ;

7) за заедничката борба со останатите братски народи на Југославија, чија што славна народноослободителна војска се бори јунаки против окупаторот и неговите слуги на Недиќа, Павелиќа, Дража Михајловиќа и против емигрантската влада во Лондон, која се токми одново да го наметне јаремот над сите народи на Југославија;

8) за заедничка борба со братскиот бугарски народ, собран околу својот Отечествен фронт и своите востанички дружини, кој веќе се бори против германските фашистички окупатори и нивните погерманчени слуги и ко немаат ништо општо со големобугарската завојевачка власт во Македонија;

9) за заедничка борба со грчкиот и албанскиот народ кои веќе се борат решително за својата слобода и независност;

10) за полна национална слобода и независност на македонскиот народ, за правото тој сам да си решава за својата судбина, за вистинска народна демократска власт на македонскиот народ".[56]

На крајот писмото завршува со следниот повик:

„Другари Македонци,

тргнете смело во света војна за ослободувањето на својот народ! Тргнете безстрашно по патот на славните илинденски востаници! Тргнете по славниот пат на нашите браќа југословенските партизани који веќе ги испишуваат најславните страници во славната историја на своите народи".[57]

Во текот на март 1943. година, во името на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ. Светозар Вукмановиќ издава три наредби: До Главниот штаб на НОВ и ПОМ за формирање на оперативни зони;[58] Наредба до штабовите на оперативните зони и самостојните одреди за организирање на помошни служби на штабовите од 15. март[59] и Наредбата од 16. март 1943. година до штабовите на оперативните зони и самостојните одреди за омасовување на одредите, зголемувањето на нивната активност на што поголеми подрачја и зголемувањето на одговорноста и дисциплината во нив.[60]

Согласно првата наредба, за која се тврди дека е од почетокот на март 1943. година, целата територија на Македонија е поделена на пет оперативни зони;

I—та Оперативна зона, се простираше на теренот: Дебар. Кичево, Маврово, Гостивар, Тетово.

II—та Оперативна зона го опфаќаше просторот со градовите и нивните околни: Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп и Крушево.

III—та Оперативна зона го опфаќаше реонот со следните градови иннивните околии: Велес, Кавадарци и Гевгелија.

IV—та Оперативна зона го опфаќаше реонот со следните градови и нивните околии: Свети Николе, Штип, Радовиш, Валандово, Струмица, Кочани, Берово, Пехчево и Делчево.

V—та Оперативна зона го опфаќа подрачјето со градовите: Скопје, Куманово, Кратово, Крива Паланка.[61]

Во оваа наредба за секоја оперативна зона се поставуваат и конкретни задачи за формирање на партизански одреди и нивиото дејствување.

---

[56] *Исто.*
[57] *Исто.*
[58] *Зборник НОР...*, Том. VII, кн. 1, док. бр. 68, стр. 217—221.
[59] *Исто.* док. бр. 269, стр. 222—225.
[60] *Исто*, док. бр. 70, стр. 226—228.
[61] *Исто.* док. бр. 68, стр. 217—221.

*

Освен писмото од Светозар Вукмановиќ од 28. февруари 1943. година, во кое се зборува за формирање на Комунистичката партија на Македонија и на нејзиниот прв Централен комитет, не само од овој чин, туку и од првите месеци на дејствувањето на КПМ и на ЦК КПМ немаме сочувано никаква документација. Единствениот сочуван записник од одржаните седници на ЦК КПМ во текот на војната е записникот од седницата на ЦК КПМ што се одржа на 4. и 5. мај 1943. година до Лопушник, Кичевско.[62] Токму затоа нашите сознанија и заклучоци за времето и местото на формирањето на Комунистичката партија на Македонија и нејзиниот прв Централен комитет ги темелиме на сеќавањата на непосредните учесници во овие пресвртни историски настани од историјата на КПЈ и КПМ во Македонија.

Во времето од крајот на февруари или почетокот на март 1943. година, членовите што беа предвидени и влегоа во составот на првиот Централен комитет на КПМ, освен Бане Андреев, другите не биле во Скопје. Страхил Гигов и Кузман Јосифовски, беа на територијата на Македонија под италијанска окупација, Лазар Колишевски, Мара Нацева и Цветко Узуновски во затвор или интернација.[63] Што значи дека изборот на членовите на ЦК КПМ не можел и не бил одржан на посебен основачки состанок, туку врз база на консултациите што ги врши делегатот на ЦК КПЈ во Македонија — Темпо со членовите на раководниот политички актив, кои што во тоа време се наоѓале во Скопје.[64] Според расположивите податоци за членови на ЦК КПМ биле предвидени: Лазар Колишевски за политички секретар, Мара Нацева за организационен секретар и членови: Цветко Узуновски, Страхил Гигов, Кузман Јосифовски и Бане Андреев.[65]

Новоформираниот Централен комитет на Комунистичката партија на Македонија првиот состанок го одржува на 19. и 20. март 1943. година во Тетово. На овој состанок, покрај делегатот на ЦК КПЈ — Темпо, присуствуваа уште следните членови на ЦК КПМ: Страхил Гигов и Кузман Јосифовски, кои се наоѓаа на територијата на Македонија под италијанска окупација и Цветко Узуновски, кој непосредно пред одржувањето на состанокот беше ослободен од интернација и преку Скопје дојде во

---

[62] *Извори...*, Том. I, кн. 2, док. бр. 28, стр. 120—125. За текот на седницата и донесените одлуки види: Миле Михајлов, *Состанокот на ЦК КПМ во Лопушник* (Зборник: *Слободните територии во Македонија* 1943, Скопје, 1975, стр. 79—86; Страхил Гигов, *Сеќавања* Скопје 1975, стр. 269—270.

[63] Страхил Гигов, *н. д.* стр. 251—252.

[64] Велимир Брезоски, *н. д.* стр. 73.

[65] Види: Сеќавања во ракописи на Добривое Радосављевиќ и Цветко Узуновски, што се чуват во Одделението за документација и библиографија во Институтот за национална историја-Скопје; Велимир Брезоски, *н. д.* стр. 73; Владо Ивановски, *н. д.* стр. 125—126.

Тетово.[65] Состанокот започна на 19. март во куќата на фамилијата Јовановски, што се наоѓаа на периферијата на градот, а заврши на 20. март во куќата на Симо Блажевски. Организационите подготовки околу одржувањето на овој состанок се падна на организацијата на КП во Тетово, а со непосредните подготовки раководеше, секретарот на Окружниот комитет на КПЈ за Западна Македонија, Тодор Циповски-Мерџан и Круме Наумовски.[67]

Според сеќавањата на Страхил Гигов на состанокот прв говорел Светозар Вукмановиќ. Тој ја соопштил одлуката за формирањето на Комунистичката партија на Македонија и нејзиниот прв Централен комитет. Од присутните оваа одлука е прифатена, а потоа бил составен и утврден следниот дневер ред:

1. Политичката ситуација во светот и во Југославија и состојбата на фронтовите;

2. Политичката и организационата положба на партиската организација во Македонија;

3. Избор на Централен комитет на КПМ и неговите непосредни задачи и

4. Задачите на партиската организација во Македонија.

По првата точка говорел Светозар Вукмановиќ, а за состојбата во Македонија со посебен акцент на Западна Македонија говорел Кузман Јосифовски-Питу. Потоа во дискусијата зеле учество Страхил Гигов и Цветко Узуновски, кој дале некој дополнувања за положбата на теренот.[68]

На состанокот и званично бил утврден составот на првиот Централен комитет на Комунистичката партија на Македонија и тоа: Лазар Колишевски — политички секретар, Мара Нацева — организационен секретар и членови: Цветко Узуновски, Страхил Гигов, Кузман Јосифовски и Бане Андреев.[69] Напоредо со тоа Главниот штаб на НО И ПО е преименуван во ГШ на НОВ и ПОМ, чиј командант и натаму останува Апостолски.[70]

Секако најголемо внимание на состанокот било посветено на предстојните задачи на ЦК КПМ, на целокупната организација на Комунистичката партија на Македонија и на Народноослободителното движење во целина. Крајна цел на сите преземени мерки на состанокот во Тетово беше насочена кон што поскорешното зацврстување на војната против окупаторите и здо-

---

[66] Светозар Вукмановиќ, *Револуција која тече*, Београд, 1971, с. 330.

[67] Крсте Марковски, *Комунистичката партија и Сојузот на комунистите на Македонија беа и останаа доследни на својата историска одговорност*. Реферат поднесен на свечаната седница на Претседателството на ЦК СКМ, одржана на 18. III. 1983. год. во домот на ЈНА-Скопје, в. „Комунист" (на македонски јазик) бр. 1357, Год. X од 19. III. 1983 год. стр. 3.

[68] Страхил Гигов, *н. д.* стр. 252—253.

[69] *Исто*, стр. 253.

[70] *Исто*.

*Dr Vlado A. Ivanovski*

## LA CONSTITUTION DU P.C.M. ET LA PREMIÈRE RÉUNION DU C.C. du P.C.M. du 19—20 MARS 1943

### Résumé

La constitution du Parti communiste de la Macédonie se vérifie par so rôle décisif qui joua dans les luttes definitives pour la libération nationale et sociale du peuple macédonien. Le Parti Communiste Yougoslave en Macédoine et le Parti Communiste Macedonien ont eu des grands difficultés à cette époque — là, pendant le developpement fonctionna à l'esprit révolutionnaire de la ligne du P.C.Y.

Le résultat définitif qu'il atteignit dans la lutte contre l'occupant en gagnant la liberté nationale et sociale à travers l'Etat macédonien, dans le cadre de la Fédération yougoslave atteste cette décision justifiable et juste à la formation de la constitution du Parti communiste macédonien.

На состанокот беа донесени и одлуки за натамошното разгорување на вооружената борба во Македонија. Притоа, преспанското подрачје беше оценето како мошне погодно за развојот на НОБ. Со теа цел, овде беа упатени членови на Централниот комитет на КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ.

Во времето од 2—4 август во Преспа, во непосредна близина на Отешево се одржа претиот состанок на ЦК КПМ познат во историографијата и како Преспанско советување. На овој состанок, покрај другото за првпат с поставнено прашањето за создавање национално преставничко тело на македонскиот народ и за вршење подготовки за неговото свикување. Натамошната активност по војна линија ќе се манифестира во интензивирањето на вооружените акции на целата територија на Македонија, а на линијата на власта, на слободната и полуслободната територија, во доформувањето на системот на власта, а напоредно со тоа и во изборот на делегати за Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Сите овие активности се одвиваа под непосредноо раководство на органите и организациите на КПМ, почнувајќи од ЦК, преку обласните комитети, до месните организации на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ.

Оснивањето на Комунистичката партија на Македонија е потврда на нејзината решавачка улога, што ја имаше во последната битка за национално и социјално ослободување на македонскиот народ и за тоа дека КПЈ во Македонија и КПМ покрај разноразните пречки што и беа правени однадвор, низ целиот овој развиток дејствуваа во духот на револуционерната линија на КПЈ. Конечните резултати што беа постигнати во борбата против окупаторот и со здобивањето на националната и социјалната слобода, преку формирањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација, ја потврдија исправноста и оправданоста на одлуката за формирање и формирањето на КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА.

стр. 193). Л а з р К о л и ш е в с к и во политичкиот извештај на Првиот конгрес на КПМ исто така го именува како состанок (*Прв конгрес на КПМ-извештаи и резолуции*, Скопје, 1949, срт. 73, покрај другото се вели: „Историско значење за понатамошниот развој на народноослободителната борба има *состанокот* на ЦК КПМ, одржан на Илинден 1943 г. во Преспа, во присуство на членот на ЦК КПЈ, С в е т о з а р В у к м а н о в и ќ- Т е м п о).